**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАРДИОВАСКУЛАРНА ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2007-227/6 од 13.7.2026 година донесена на 361. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област кардиоваскуларна хирургија (3.02.00.29) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:

- проф. д-р Сашко Јовев, редовен професор за наставно-научната област кардиохирургија на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - претседател;
- проф. д-р Слободан Илиќ, редовен професор во пензија за наставно-научната област кардиохирургија на Медицински факултет, Универзитетот во Белград, Србија, - член;
- проф. д-р Љубица Ѓоргиевска-Исмаил, редовен професор во пензија за наставно-научната област интерна медицина и кардиологија на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ од 2.7.2026 година и во предвидениот рок се пријави: насловен доцент д-р Жан Митрев, доктор на медицински науки, од научната област хирургија-кардиоваскуларна хирургија, вработен во Клиничката болница „Жан Митрев клиника“ во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Насловен доцент д-р Жан Митрев** е роден на 11.1.1961 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип, континуирано со одличен успех. Со високо образование се стекнал на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што дипломирал во 1985 год. со просечен успех од 8,076. По завршување на стручниот стаж и положување на државниот испит се запишува на специјализација по хирургија и истата ја завршува ноември 1992 година. Работи како хируршки асистент во Универзитетската клиника во Цирих, Швајцарија, потоа во Клиниката за кардиохирургија во Лудвигсхафен во Германија, а до 2000 година работи на Клиниката за кардиохирургија при Универзитетот „Јохан Волфганг Гете“, каде што врз основа на своето искуство беше промовиран за шеф на Одделот за кардиохирургија. Супспецијализација започнува на Клиниката за кардиохирургија при Универзитетот во Загреб, каде што го започнува и својот магистерски труд од областа на кардиохирургијата, а истиот го завршува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во август 1998 година. Во декември 2001 година се стекнува со европска диплома

за завршена супспецијализација од областа на кардиоваскуларната хирургија и истата е потврдена од Министерството за образование на нашата република во јуни 2007 година.

**Стручна активност**

На 1.3.2000 година ја отвори и го започна развојот на првата кардиохируршка болница во републикава. Во 2016 година ја отвори и разви новата болница со најсовремена медицинска технологија која во 2018 година прерасна во Клиничка болница „Жан Митрев клиник".

Д-р Жан Митрев има реализирано повеќе стручни престои и едукации, меѓу кои:

- 1993-1994 –Хируршки асистент на Универзитетската клиника во Цирих, Швајцарија;
- 1993 – Клинички истражувачи хируршки асистент во Клиниката за кардиохирургија во Лудвигсхафен, Германија;
- 1990-1992 – Клинички истражувач на Клиниката за торакална и кардиоваскуларна хирургија при Универзитетот „Јохан Волфганг Гете" во Франкфурт, Германија;
- 1988-1990 – Престој на кардиохирургија при Клиничката болница во Загреб, Хрватска;
- 1983 – Престој на Медицинскиот Факултет при Универзитетската Клиника Реина Софија во Кордоба, Шпанија;

**Наставна дејност**

Насловен доцент д-р Жан Митрев е активно вклучен во наставата (предавања и вежби) на прв циклус студии по предметот Хирургија на студиската програма за Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Акредитиран ментор е и едукатор на специјализанти по хирургија и кардиоваскуларна хирургија. Во рамките на наставно-образовната дејност, д-р Жан Митрев има одржано повеќе теоретски и практични предавања (работилници) во склоп на континуираната едукација која се организира и изведува во „Жан Митрев клиника".

**Научна дејност**

Докторските студии на Факултетот за медицински науки во Штип ги завршува во предвидениот рок, а својот докторски труд со наслов **„Вредноста на геометриската реконструктивна хируршка метода во лекувањето на постинфарктната аневризма на левата комора на срцето"** го одбранува на 18 декември 2020 год. Магистерскиот труд на тема **„Влијанието на оперативната техника во хируршкиот третман на акутниот коронарен синдром"** го одбранува во август 1998 година на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2021 година е избран за насловен доцент за наставно-научната област кардиоваскуларна хирургија на Факултетот за медицински науки при УГД.

Како резултат на неговото досегашно залагање, како автор и коавтор, има публикувано и презентирано 38 научни трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, 120 трудови со оригинални научно-стручни резултати кои

се објавени во книги на апстракти и над 101 усна презентација на меѓународни собири во Европа и во светот.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:***

- Д-р Жан Митрев е доктор на медицински науки од областа на хирургијата – кардиоваскуларна хирургија, а неговата научноистражувачка работа е главно фокусирана на евалуацијата на бенефитот од кардиохирушките техники во третманот на кардиоваскуларните заболувања.
- Има сертификат за владеење со англиски јазик.
- Има уверение за државјанство
- Има остварен просечен успех на прв циклус (додипломски) студии од 8.076, завршена специјализација по општа хирургија, супспецијализација по кардиохирургија и завршени докторски студии.
- Има доставено сепарати од сите негови научноистражувачки трудови во соодветната област (законски предуслов за избор во вонреден професор се најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор).

Во овој Извештај се евалуирани трудовите на насловен доцент д-р Жан Митрев публикувани во последните 5 години.

Научните трудови со кои д-р Жан Митрев ги исполнува законските критериуми за избор на звање доцен се:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Zimoski R, Ugurov P, Veljanoska-Kiridjievska L, Hristov N, Idoski E, Gjorgon M, Milevska-Kostova N, Rosalia RA, Mitrev Z. | **Minimally Invasive Surgical Repair of Vertebral Artery Ostium Stenosis in Patients with Ischemic Stroke: A Single-Center Case Series.** World Neurosurg. 2021 Feb;146:367-375 | World neurosurgery | 2021<br>IF=2.104 |
| 2 | Ugurov P, Popevski D, Gramosli T, Neziri D, Vuckova D, Gjorgon M, Stoicovski E, Marinkovic S, Veljanovska-Kiridjievska L, Ignevska K, Mehandziska S, Ambarkova E, **Mitrev** Z, Rosalia RA. | **Early Initiation of Extracorporeal Blood Purification Using the AN69ST (oXiris®) Hemofilter as a Treatment Modality for COVID-19 Patients: a Single-Centre Case Series.**Braz J Cardiovasc Surg. 2022 Mar 10;**37**(1):35-47. | Braz J Cardiovasc Surg. 2022 Mar 10;**37**(1):35-47. | 2022<br>IF=1.4 |
| 3 | Rosalia RA, Ugurov P, Neziri D, Despotovska S, Kostoska E, Veljanovska-Kiridjievska L, Kuzmanov D, Trifunovski A, Popevski D, Villa G, **Mitrev Z.** | **Extracorporeal Blood Purification in Moderate and Severe COVID-19 Patients: A Prospective Cohort Study.** Blood Purif. 2022;**51**(3):233-242. | Blood Purif. | 2022<br>IF=1.8 |
| 4 | **Mitrev Z,** Risteski P, Todorovska M, Pavlovikj M, Sá MPBO, Rosalia R. | **Aortic Valve Neocuspidization Using Xenologous Pericardium Versus Bioprosthetic Valve Replacement.** Ann Thorac Surg. 2022 Apr;**113**(4):1192-1199. | Ann Thoracic Surg | 2022<br>IF=5.3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Gjorgjievska M, Mehandziska S, Stajkovska A, Pecioska-Dokuzovska S, Dimovska A, Durmish I, Ismail S, Pavlovska T, Stojchevska A, Amedi H, Andonova J, Nikolovska M, Velickovikj S, **Mitrev Z**, Kungulovski I, Kungulovski G. | **Case Report: Omicron BA.2 Subvariant of SARS-CoV-2 Outcompetes BA.1 in Two Co-infection Cases.**Front Genet. 2022 Apr 12;13:892682. | Front Genet. | 2022<br><br>IF = 2.77 |
| 6 | Zafirovska P, Rosalia RA, Ismail LG, Matveeva N, **Mitrev Z.** | **Preoperative Left Ventricular Global Longitudinal Strain Identifies Aortic Stenosis Patients with Improved Postoperative Recovery of Left Ventricular Geometry: A Prospective Cohort Study.** Braz J Cardiovasc Surg. 2022 May 2;**37**(2):161-175. | Braz.J.Cardiovasc. Surg | 2022<br>IF=1.4 |
| 7 | GjinoskaK , Nikolovski AStoicovski E, **Mitrev Z.** | **Unexpected intraoperative finding of a hyalinizing cholecystitis in a patient with gallbladder calculi.**J Surg Case Rep. 2024 Oct 18;2024(10) | *J Surg Case Rep.* | 2024<br>IF = 0.5 |
| 8 | Nikolovski A, Gjinoska K, Kocevski Z, Stoicovski E, **Mitrev Z**. | **Giant (complex) inguinal hernia in female patient left untreated for 40 years: a case report.** J Surg Case Rep. 2024 Nov 26;2024(11) | J.Surg.Case Rep. | 2024<br>IF=0.5 |
| 9 | Zhivorad Kocevsi, Andrej Nikolovski, Goran Jovic, Viktor Grujevski, Emil Stoicovski, **Zan Mitrev.** | **A giant desmoid tumor of the abdominal wall presented as a panniculus morbidus: case report and literature review**. https://doi.org/10.1093/jscr/rjaf1009 | J.of.Surg.Case Rep. | 2025<br>IF=0/6 |
| 10 | Taseva Vasileva, Ana Marija and Klinceva, Milka and Bosevska, Golubinka and **Mitrev, Zan** | *Пролонгирана постоперативна атријална фибрилација како предиктор за рана и доцна срцева слабост по кардиохируршка операција.* E-journal CVM електронско списание за кардиоваскуларна медицина, 17. pp. 4-10. ISSN 2955-2281 | E-journal CVM електронско списание за кардиоваскуларна медицина, | 2026 |
| 11 | Taseva Vasileva, Ana Marija and Klinceva, Milka and Bosevska, Golubinka and **Mitrev, Zan** | *Postoperative Atrial Fibrillation after Cardiac Surgery: A Review of Risk Factors, Clinical Outcomes, and Management Strategies.* Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 13 (4). pp. 183-190. ISSN 1857-9655 | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences | 2025 |
| 12 | Taseva Vasileva, Ana Marija and Klinceva, Milka and Boshevska, Golubinka and **Mitrev, Zan** | *Multivessel coronary artery disease as a predictor of prolonged postoperative atrial fibrillation after cardiac surgery.* Knowledge – International Journal, 73 (4). pp. 631-635. ISSN 2545-4439 | Knowledge – International Journal | 2025 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Насловен доцент д-р Жан Митрев бил вклучен како едукатор на специјализанти од областа на општата хирургија и кардиохирургијата.

Од доставените биографски и библиографски податоци на д-р Жан Митрев, очигледно е дека тој учествувал активно на голем број обуки, работилници, конгреси и семинари од подрачјето на кардиологијата и кардиохирургијата, одржани во и надвор од нашата земја. Притоа, д-р Жан Митрев се стекнал со неопходно искуство за примена на здобиените практични знаења.

Д-р Жан Митрев е искусен професионалец во својата област, со 34-годишен специјалистички стаж и 25-годишен супспецијалистички стаж. Член е на медицински организации - член на Европската академија на науките, уметностите и писмото (European Academy of Science, Art and Letter – Academie Europeenne des Sciences et des Lettres).

**Членства во интернационални здруженија**

| | |
|---|---|
| 1991 | Германско здружение за торакална и кардиоваскуларна хирургија |
| 1992 | Американски колеџ за ангиографија |
| 2001 | Европско здружение за вештачки органи |
| 1994 | Европско здружение за кардиоторакална хирургија |
| 2004 | Здружение на кардиоваскуларни хирурзи Евроазиски мост |
| 2004 | Интернационално здружение за минимално инвазивна кардио хирургија |
| 2006 | Здружение на торакални хирурзи |
| 2011 | Network на кардио-торакални хирурзи |
| 2011 | Европско здружение за кардиологија |
| 2011 | Здружение за заболувања на срцеви валвули |
| 2012 | Интернационално здружение за трансплантација на срце и бели дробови |
| 2013 | Светско здружение на кардиоторакални хирурзи |

**Членство во македонски здруженија**

| | |
|---|---|
| 2007 | Управен одбор, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Македонија |
| 2011 | Македонско здружение за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи |
| 2011 | Здружение за кардиоваскуларна хирургија на Македонија (основач и претседател) |

**Препознаени награди и номинации:**

- 2003 Награда за хуманост, Скопје, Македонија;
- 2004 Награда за најдобар приказ на случај на 10th Jubilee Congress for Cardiothoracic technology, Мајами, Флорида, САД;
- 2010 Номинација на техно колеџ при Европското здружение за технолошки иновации во кардиохирургијата при третман на корен на аорта;
- 2012 Номинација на техно колеџ при Европското здружение;
- 2014 Награда за најдобра медицинска услуга – Стреса, Италија;
- 2020 13-то Ноемвриска награда на Град Скопје;

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Жан Митрев е активно вклучен во стручно-апликативната работа на дијагностичкиот центар во „Жан Митрев клиника“.

**Листа на трудови и евалуација на трудовите за избор на д-р Жан Митрев (публикувани во последните 5 години)**

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор и списанија со фактор на влијание (IF):***

1. Zimoski R, Ugurov P, Veljanoska-Kiridjievska L, Hristov N, Idoski E, Gjorgon M, Milevska-Kostova N, Rosalia RA, Mitrev Z**. Minimally Invasive Surgical Repair of Vertebral Artery Ostium Stenosis in Patients with Ischemic Stroke: A Single-Center Case Series.** World Neurosurg. 2021 Feb;146:367-375

Преку приказ на 20 рандом избрани случаи на остијална стеноза на вертебрална артерија меѓу кои 9 со акутна стеноза, минимално инвазивната хируршка реконструкција на постериорната мозочна циркулација, клинички е ефективен терапевтски пристап за менаџирање на исхемијата предизвикана од стеноза на вертебралната артерија. Безбедна е и овозможува долговременско ослободување од симптомите и добра превенција на мозочен удар.

2. Ugurov P, Popevski D, Gramosli T, Neziri D, Vuckova D, Gjorgon M, Stoicovski E, Marinkovic S, Veljanovska-Kiridjievska L, Ignevska K, Mehandziska S, Ambarkova E, Mitrev Z, Rosalia RA. **Early Initiation of Extracorporeal Blood Purification Using the AN69ST (oXiris®) Hemofilter as a Treatment Modality for COVID-19 Patients: a Single-Centre Case Series.**Braz J Cardiovasc Surg. 2022 Mar 10;**37(1):35-47.**

Трудот ги покажува раните искуства со примената на крвната пурификација со Огзирис филтер кај пациенти болни од КОВИД 19. Континуираното мониторирање на биомаркерите кај КОВИД 19 заболени и радиолошкиот имиџинг се круцијални за процена на прогресијата на болеста, неконтролираната инфламација и рана превенција на иреверзибилната мултиорганска слабост. Комбинацијата на системска хепаринизација и екстракорпорална крвна пурификација со примена на ситокини-адсорбирачки филтри може да ја редуцира хиперинфламацијата, да ја превенира коагулопатијата и да овозможи клиничко заздравување.

3. Rosalia RA, Ugurov P, Neziri D, Despotovska S, Kostoska E, Veljanovska-Kiridjievska L, Kuzmanov D, Trifunovski A, Popevski D, Villa G, Mitrev Z. **Extracorporeal Blood Purification in Moderate and Severe COVID-19 Patients: A Prospective Cohort Study.** Blood Purif. 2022;**51(3):233-242.**

Во овој труд се прикажани резултатите од 44 пациенти заболени од КОВИД 19 во средна и тешка клиничка слика третирани со Огзирис филтер. Пациентите биле следени клинички и преку нивото на инфламаторните маркери, како што се ЦРП БНП, ИЛ6. Резултатите покажале ветувачко намалување на инфламаторните маркери поврзано со подобрување на клиничката слика.

4. Mitrev Z, Risteski P, Todorovska M, Pavlovikj M, Sá MPBO, Rosalia R. **Aortic Valve Neocuspidization Using Xenologous Pericardium Versus Bioprosthetic Valve Replacement.** Ann Thorac Surg. 2022 Apr;**113(4):1192-1199.**

Ретроспективна анализа на резултатите од 414 пациенти со аортна стеноза третирани со замена на аортната валвула со биолошка протеза верзус новокреирана валвула од перикард. Резултатите покажеле подобар клинички исход со помала инциденца од реоперација кај пациентите со новокреираната аортна валвула верзус оние со заменета биопротеза, но поголема дегенерација на залистоците.

5. Gjorgjievska M, Mehandziska S, Stajkovska A, Pecioska-Dokuzovska S, Dimovska A, Durmish I, Ismail S, Pavlovska T, Stojchevska A, Amedi H, Andonova J, Nikolovska M, Velickovikj S, Mitrev Z, Kungulovski I, Kungulovski G. **Case Report: Omicron BA.2 Subvariant of SARS-CoV-2 Outcompetes BA.1 in Two Co-infection Cases.**Front Genet. 2022 Apr 12;13:892682.

Приказ на два случаја на инфекција со ОМИКРОН Б1о Б2 варијанта на вирус. Трендот во светот е дека омикрон BA.2 субваријантата се зголемува во однос на оригиналната BA.1 субваријанта. Во трудот се презентирани 2 случаја на коинфекција со омикрон BA.1 и омикрон BA.2 кај дополнително изложени случаи.Кај двете индивидуи, геномското секвенционирањеи /или S –ген специфичната PCR идентифицирана BA.1 од почетокот, која покасно е заменета со BA.2 во тек на инфекцијата. Овие два случаја даваат сугестија дека кај потешката форма на горнореспираторни инфекции настанува почетно инфицирање со BA1 која покасно се заменува со BA.2 субваријантата на омикрон вирусот.

6. Zafirovska P, Rosalia RA, Ismail LG, Matveeva N, Mitrev Z. **Preoperative Left Ventricular Global Longitudinal Strain Identifies Aortic Stenosis Patients with Improved Postoperative Recovery of Left Ventricular Geometry: A Prospective Cohort Study.** Braz J Cardiovasc Surg. 2022 May 2;**37(2):161-175.**

Во оваа студија на 39 пациенти со сочувана пумпна снага и тешка аортна стеноза се покажа дека глобал лонгитудинал стреин анализата има значајно место во проценатa на клиничкиот исход кај пациентите. Поголемо нарушување на вредностите на стреин анализата беа правопропорционални со полош клинички исход. Па затоа во заклучокот се вели дека GLS е предиктивна анализа за постоперативниот ремоделинг кај пациентите со оперативно разрешена тешка аортна стеноза.

7. Gjinoska K, Nikolovski A, Stoicovski E, Mitrev Z. **Unexpected intraoperative finding of a hyalinizing cholecystitis in a patient with gallbladder calculi.**J Surg Case Rep. 2024 Oct 18;2024(10)

Приказ на редок случај на хијалинизација на акутна калкулозна холециста кај 48-годишен маж кој 10 години наназад знаел за камења во жолчното ќесе и само во еден наврат имал тегоби и пожолтување. Овој труд дава порака дека секоја извадена жолчна кеса мора да се испрати на патохистолошка анализа, затоа што не ретко заболувањата на жолчното ќесе се поврзани со малигнизирање.

8. Nikolovski A, Gjinoska K, Kocevski Z, Stoicovski E, Mitrev Z. **Giant (complex) inguinal hernia in female patient left untreated for 40 years: a case report.** J Surg Case Rep. 2024 Nov 26;2024(11)

Овој труд дава приказ на редок случај на 40-годишна жена која подолго време имала ингвинална хернија која не ја третирала. Спецификата е што ингвинална хернија кај женско лице поретко се јавува. По подолго времетраење херниjата е поврзана со фиброзирање, инкарцерација и тешки последици. Како препорака од овој труд е дека секоја хернијација треба да биде хируршки третирана на време.

9. Zhivorad Kocevsi, Andrej Nikolovski, Goran Jovic, Viktor Grujevski, Emil Stoicovski, Zan Mitrev. **A giant desmoid tumor of the abdominal wall presented as a panniculus morbidus: case report and literature review**. https://doi.org/10.1093/jscr/rjaf1009

Во овој труд е прикажан специфичен случај на голем дезмоиден тумор на предниот ѕид на абдоменот. Дијагностичкиот предизвик овде често големите дезмоидни тумори маскираат постоење на panniculus morbidus, одложувајќи го времето на поставање права дијагноза. Хируршката комплексност е поради големината, локацијата за презервација на финкцијата и естетиката на полниот орган. Имицинг техниките се круцијални – посебно дермоскопијата е битна да ги одреди маргините и да се избегне некомплетна резекција.

10. Taseva Vasileva, Ana Marija and Klinceva, Milka and Bosevska, Golubinka and Mitrev, Zan (2026) ***Пролонгирана постоперативна атријална фибрилација како предиктор за рана и доцна срцева слабост по кардиохируршка операција.*** E-journal CVM електронско списание за кардиоваскуларна медицина, 17. pp. 4-10. ISSN 2955-2281

Во овој труд анализата на податоците 2.419 оперирани кардиохируршки пациенти во периодот 2020-2023 година покажа дека 378 или 16% развиваат постоперативна новонастаната атријална фибрилација Пролонгираната ПОАФ (>48 часа) е значајно поврзана со зголемен ризик за рана и доцна срцева слабост. Времетраењето на аритмијата претставува важен прогностички маркер и може да помогне во идентификација на пациенти со повисока миокардна ранливост по кардиохируршка интервенција.

11. Taseva Vasileva, Ana Marija and Klinceva, Milka and Bosevska, Golubinka and Mitrev, Zan (2025) ***Postoperative Atrial Fibrillation after Cardiac Surgery: A Review of Risk Factors, Clinical Outcomes, and Management Strategies.*** Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 13 (4). pp. 183-190. ISSN 1857-9655

Овој труд дава добар осврт на тригер факторите за новонастаната постоперативна атријална фибрилација (POAF), каде што потенцира дека главно влијанието е од хируршкиот стрес, инфламацијата и периоперативните промени, додека пак не хируршката атријална фибрилација потекнува од хроничните структурни и електрични ремоделирања. POAF типично се јавува кратко по денот на хирургијата и е самолимитирачка, додека спонтаната атријална фибрилација може да е хронична или пак пароксизмална.

12. Taseva Vasileva, Ana Marija and Klinceva, Milka and Boshevska, Golubinka and Mitrev, Zan (2025) ***Multivessel coronary artery disease as a predictor of prolonged postoperative atrial fibrillation after cardiac surgery.*** Knowledge – International Journal, 73 (4). pp. 631-635. ISSN 2545-4439

Анализирани се 378 пациенти со коронарна етиологија како причина за POAF. Опфатени се најчестите ризик-фактори. Податоците одат во прилог на фактот дека повеќесадовната коронарна болест е сигнификантнен предиктор на POAF, по кардијална хирургија, со потенцијална вредност за предоперативното планирање и постоперативната нега.

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Жан Митрев има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере насловен доцент д-р Жан Митрев во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област кардиоваскуларна хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Сашко Јовев, претседател, с.р.
Проф. д-р Слободан Илиќ, член, с.р.
Проф. д-р Љубица Георгиевска Исмаил, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ Д-р Жан Митрев

| Р. бр. | **Наставно-образовна дејност** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Насловен доцент | **30** | | | | |
| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (15/10/5)<br>**Труд со реден број 4 – прв автор (1 x 15 )**<br>**Труд со реден број 1, 2, 3, 5, 6, 7, 8, 9 – останати автори**<br>(9 x 5 ) | 1 x 15 = 15<br>9 x 5 =45 | | | | **60** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3)<br>**Труд со реден број 10, 11 и 12 – останати автори (3 x 3 )** | 3 x 3 = 9 | | | | **9** |
| 23 | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| | **Вкупно** | | | | | **77** |
| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 22 | Награди-признанија за научни-постигнувања | 2 x 5 | | | | **10** |
| 26 | Раководител / директор на КБ „Жан Митрев клиника“ | 1 x 3 | | | | **3** |
| 29 | JCI акредитација и реакредитација на КБ „Жан Митрев клиника“ | 1 x 2 | | | | **2** |
| | **Вкупно** | | | | | **15** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **122 бода** | | | | |